РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА НАРОДЕН ТЕАТАР - БИТОЛА
БР. 02-94
25.02. 2026 год.
Битола

НУ НАРОДЕН ТЕАТАР БИТОЛА

Врз основа на член 11 став 3 од Статутот на НУ Народен театар Битола со бр. 01-335 од 13.05.2025, Управниот одбор на НУ Народен театар Битола на седницата одржана на ден 25.02.2026 ја донесе следната

# ОДЛУКА

Директорот на установата да ја реализира годишната програма за работа на НУ Народен театар Битола за 2026 година, согласно Решението за утврдување на висината на финансиските средства за работа бр. УП1 20-708/2025 од 16.02.2026 год.

## Образложение

Согласно член 70 став 6 од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013; 44/2014; 61/2015; 154/2015; 39/2016 и 11/2018 и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 265/24; 132/25), по исклучок од член 70 став 5, Министерот за култура и туризам за одредени национални установи кои во изминатата година покажале исклучителни резултати во работењето, донесе Одлука за избор на национални установи на кои работењето во 2026 година ќе се финансира со делегиран буџет. Оттука, Министерството за култура и туризам до НУ Народен театар Битола достави Решение за утврдување на висината на финансиските средства за работа бр. УП1 20-708/2025 од 16.02.2026 год. согласно кое Управниот одбор на установата е должен во рок од 15 дена да ја донесе програмата за работа на установата за 2026 година и за што Министерството за култура и туризам и Директорот на НУ Народен театар Битола ќе склучат договор за финансирање на годишната програма за работа на установата.

По одржаната седница на Уметничкиот совет на НУ Народен театар Битола на која се разгледуваше поднесената Годишна програма за работа на установата за 2026 година, директорот ги предложи следните проекти:

1. "Пинокио" од авторот Карло Колоди, во режија на Деан Дамјановски – износ 1.250.000 денари
2. "Пламенка" од авторот Петре Димовски, во режија на Софија Ристевска Петрушева – износ 0 денари
3. "Не се дотерувај за вечер" од авторот Марк Камолети, во режија на Марјан Георгиевски – износ 590.000 денари
4. "Госпоѓа Бовари" од авторот Густав Флобер, во режија на Дејан Пројковски – износ 100.000 денари
5. "Кориолан" од авторот Вилијам Шекспир, во режија на Џон Блондел – износ 1.600.000 денари

6. "Господин Благородник" од авторот Молиер, во режија на Благој Мицевски – износ 368.000 денари
7. "Битола Шекспир Фестивал" во организација на НУ Народен театар Битола – износ 460.000 денари
8. "Ни треба пејачка" од авторот Кен Лудвиг, во режија на Ненад Витанов – износ 1.100.000 денари
9. "Новогодишен сон" од авторот Јулијана Мирчевска, во режија на Јулијана Мирчевска – 0 денари.

Согласно горенаведеното Решение одобрени се следните средства за проекти од меѓународна соработка:

1. Гостување со "Кориолан" од авторот Вилијам Шекспир, во режија на Џон Блондел, во Верона, Италија на "Verona Shakespeare Fringe Festival" – износ 482.000 денари
2. Гостување со "Ричард III" од авторот Вилијам Шекспир, во режија на Мартин Мирчевски, во Тарговиште, Романија на "The 14th edition of BABEL International Performing Arts Festival" – износ 304.000 денари
3. Гостување со "Едмонд" од авторот Дејвид Мемет, во режија на Оливер Мицевски, во Подгорица, Црна Гора на "Festival of International Alternative Theatre – FIAT" – износ 164.00 денари

Согласно горенаведеното Решение одобрени се следните средства за оджување на објекти и опрема:

1. Одржување на објекти опрема – износ 150.000 денари

Од горенаведеното, се донесе Одлука како во диспозитивот на истата.

Одлуката стапува на сила од денот на нејзиното донесување.

25.02.2026
Битола

Претседател на УО
Јовица Богоев

Ул. „Широк Сокак" бр. 60, П.Фах: 187, 7000 Битола, Република Македонија, Тел/факс: +389 47 55 22 44
Str. "Sirok Sokak" no. 60., P. O. Box 187, 7000 Bitola, Republic of Macedonia, Tel/Fax: +389 47 55 22 44

E-Mail: teatarbt@hotmail.com I www.narodenteatarbitola.com